**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Павел Томашевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Кривичен Суд Скопје**
**ул.11 Октомври бр.23А-2/4**
**тел. 02 31-31-800; tomashevski@izvrsitel.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 1754/2024**

Извршителот Павел Томашевски од Скопје, ул.11 Октомври бр.23А-2/4 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Лука А. Александров од Скопје со живеалиште на ул.Палмира Тољати бр.85А преку полномошник Адвокат Драги Методиев, засновано на извршната исправа ОДУ бр.892/22 од 19.12.2022 година на Нотар Катерина Митревска, против должникот Алекса Павлоски од Скопје со живеалиште на ул.103 бр.24 с. Волково, за спроведување на извршување на ден 03.04.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
### (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТRЕТА** ПОВТОРЕНА продажба, реализација на хипотека, со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во **имотен лист бр. 4294, за КО ВОЛКОВО,** при АКН на СМ – ЦКН Скопје со следните ознаки:

| ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА ) И ЗА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на катастарска парцела | | Виканао место | катастарска | | | Површина во м2 | Сопственост/ сосопственост/ Заедничка сопственост | Број на предмет по кој е изврш запишувањето | Датум и час на запишувањет |
| основен | дел | | култура | | класа | | | | |
| 465 | 1 | Ул. 103 | ГЗ | гиз | | 375 | сопственост | 1121-18947/2014 | 09.10.2014 |
| 465 | 1 | Ул. 103 | ГЗ | Зпз 1 | | 70 | сопственост | 1121-18947/2014 | 09.10.2014 |

Вкупна надворешна површина 445 м 2

| ЛИСТ В:ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДА ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр.на КП | | Адреса улица и куќен број на зграда | Број на зграда | Намена на зграда превземе на при конверзија на податоците на стариот ел систем | Влез/Кат/Број на посебен заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен/заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Сопственост/ сосопственост/ Заедничка сопственост | Број на предмет по кој е извршено запишување | Датум и час на прием на пријавата за запишување |
| Основен | дел | | | | Влез | кат | Број | | | | | |
| 465 | 1 | Ул.103 бр.24 | 0 | А1 | 1 | по | 1 | П | 21 | сопственост | 1113-14193/2013 | 13.07.2013 |
| 465 | 1 | Ул.103 бр.24 | 0 | А1 | 1 | пр | 1 | СТ | 21 | сопственост | 1113-14193/2013 | 13.07.2013 |
| 465 | 1 | Ул.103 бр.24 | 0 | А1 | 1 | пр | 1 | СТ | 55 | сопственост | 1113-14193/2013 | 13.072013 |

Со вкупна внатрешна површина од 97 м2 во сопственост на должникот **Алекса Павлоски**

**Продажбата ќе се одржи на ден 29.04.2026 година во 12.00 часот** во просториите на Извршител Павел Томашевски од Скопје на ул.11 Октомври бр.23А-2/4.

**Почетната вредност** на недвижноста, која е утврдена со заклучок на извршителот Павел Томашевски од Скопје, изнесува 69.386 Еур во противредност на 4.267.300,00 денари (Усвоено за 1 Е=61,50 денари), а со поднесок од доверителот **НАМАЛЕНА на износ од 2.900.000,00 денари** како почетна цена за продажба на недвижноста, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог за извршување на Извршител Павел Томашевски од Скопје И.бр. 1754/2024 и И.бр.1755/2024 во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик

домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста еден ден пред јавното наддавање.

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 250015000107465 која се води кај Шпаркасе Банка АД Скопје и даночен број 5032010500297, повикување на број И.бр.1754/2024,** најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија електронски на веб страницата на Комората.Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Павел Томашевски